


# Специјалист за развој на производи за население
# Retail Product development Specialist

**Локација:** СКОПЈЕ

**Оддел:** Служба за развој на производи за население

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство**
**Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**36 експозитури**

**повеќе од 200.000**
**клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилитет**
**и сигурност**

### Што ќе биде твојата улога

- Одговорен за развој, унапредување и редизајн на производи и услуги за население (кредити, депозити, осигурувања, сметки, пакети и др.), како и управување со тарифите и каматните стапки;
- Предлага нови производи и подобрувања на постоечките врз основа на пазарни анализи и барања од продажба;
- Координира имплементација на нови и изменети производи (бизнис анализи, спецификации, тестирање) во соработка со релевантни страни;
- Подготвува и ажурира процедури, инструкции и материјали за поддршка на продажбата;
- Учествува во оптимизација и дигитализација на продажни и постпродажни процеси;
- Следи пазарни и конкурентски трендови и предлага соодветни прилагодувања;
- Следи продажба на производите, подготвува извештаи, анализи на профитабилност и презентации;
- Учествува во проекти, партнерства и промотивни активности;
- Организира обуки и обезбедува поддршка за продажните тимови;
- Врши ажурирање на производен каталог, тарифи, каматни стапки и веб содржини.

### Кои квалификации се потребни

- Минимум ВСС;
- Познавање на производи во финансиски институции и високо ниво на бизнис свесност;
- Одлични аналитички способности
- Одлични организациски вештини, способност за одредување приоритети, тимска работа;
- Проактивност и иницијатива;
- Активно познавање на работа со компјутер (МС Office);
- Познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување).

### Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **18.06.2026 година** со назнака **„Апликација за Специјалист за развој на производи за население “.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!